RESIS
ИНСТИТУТ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНИОТ РАЗВОЈ

# КОМУНИКАЦИСКИ НАВИКИ, СТАВОВИ И ПОТРЕБИ НА ЛИЦАТА СО ОШТЕТЕН СЛУХ

(АНКЕТА РЕАЛИЗИРАНА ВО ИСТОЧНИОТ И ЈУГОИСТОЧНИОТ РЕГИОН)



**Наслов:**
Истражување на комуникациските навики, знаења, потреби и интереси на ранливите групи граѓани (Источен и Југоисточен регион)

**Издавач:**
Институт за истражување на општествениот развој РЕСИС

**Истражувачки тим:**
Снежана Трпевска
Игор Мицевски
Јулијана Младеновска
Љубинка Поповска Тошева

**Техничко уредување:**
Симончо Симоновски

Оваа компаративна анализа е изработена за потребите на Институтот РЕСИС, во рамки на проектот „Поттикнување на граѓанскиот ангажман во локалното владеење“, поддржан од Националниот фонд за демократија (National Endowment for Democracy) од САД.

Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Институтот за истражување на општествениот развој РЕСИС и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Националниот фонд за демократија.

RESIS
ИНСТИТУТ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНИОТ РАЗВОЈ

# КОМУНИКАЦИСКИ НАВИКИ, СТАВОВИ И ПОТРЕБИ НА ЛИЦАТА СО ОШТЕТЕН СЛУХ

(АНКЕТА РЕАЛИЗИРАНА ВО ИСТОЧНИОТ И ЈУГОИСТОЧНИОТ РЕГИОН)



Скопје, јуни 2023 година

## Содржина

Вовед ... 3
За истражувањето ... 3
Примерок ... 3
Преглед на клучните наоди ... 4
Пристап до комуникациски технологии, пречки и навики на користење ... 4
Преференци за содржини и извори на информирање за домашните настани ... 4
Критички ставови за медиумите и начини на проверка на информациите ... 5
Користење интернет и облици на партиципација во јавната сфера ... 5
Клучни наоди ... 6
Комуникациски уреди во домаќинствата ... 6
Навики на користење на медиумите и комуникациските уреди ... 7
Пречки при користењето на комуникациските уреди и интернетот ... 8
Преференци за различни видови медиумски содржини ... 9
Извори на информирање за домашните настани ... 10
Ставови за телевизиите на национално ниво ... 11
Ставови за телевизиите на регионално и локално ниво ... 12
Во која мера се согласувате или не се согласувате со секој од следниве ставови за телевизиите на регионално и локално ниво? ... 12
Ставови за информативните портали ... 13
Проверка на точноста на информациите ... 14
Лицата со оштетен вид како корисници на интернет ... 15
Партиципација во јавната сфера ... 17
Заклучоци ... 18



# Вовед

## За истражувањето

Пристапот до технологиите, комуникациските канали и поседувањето вештини и способности за комуникација преку медиумите и јавната сфера се особено важни за развојот на сите општествени групи и за нивно вклучување во развојните политики на национално и локално ниво. Ова е од посебно значење за граѓаните кои живеат со различни облици на ранливост, било да се работи за ранливост поврзана со објективна попреченост (био-медицински модел), со нивото на индивидуален развој (функционален модел), или пак со ранливост конструирана и индуцирана од околината (социо-политички модел).

Овој кус извадок од целосниот извештај од истражувањето дава увид во секојдневните навики на користење на медиумите и комуникациските технологии на лицата со оштетен вид, но исто така и пречките и проблемите со кои тие се соочуваат во пристапот до медиумите и јавната сфера. Резултатите од ова истражување ќе послужат како поттик за различни активности на граѓанските организации кои работат на унапредување на правата на ранливите групи граѓани на локално ниво.

Истражувањето го спроведе Институтот за истражување на општествениот развој - РЕСИС, со поддршка на граѓански организации од Источниот и Југоисточниот регион[1]. Истражувањето е спроведено во рамки на проектот *Поттикнување на граѓанскиот ангажман во локалното владеење* – LocalActiveMedia поддржан од Националната фондација за демократија од САД.

## Примерок

Примерокот на испитаници со оштетување на слухот со кои беше реализирана анкетата се состоеше од 82 лица од Источниот и Југоисточниот регион. Анкетата ја реализираа активисти на граѓанските организации од двата региона, на намерен (квотен) примерок испитаници, изработен врз основа на податоците од Пописот во РСМ во 2021 година. Планираниот квотен примерок се состоеше од 580 испитаници со различен тип на попреченост во двата региона[2]. Максималната квота испитаници со оштетен слух што беше поставена со анкетата изнесуваше 100 лица. Граѓанските активисти што работат со оваа група граѓани успеаја во анкетата да обезбедат учество на 82 лица со оштетен слух, или 82% од планираната квота.

Од вкупниот број испитаници што учествуваа во анкетата, 16 беа лица кои воопшто не слушаат, 23 со многу тешкотии, а 37 имаат извесни тешкотии со слухот. Во примерокот доминираат испитаниците на поголема возраст, или над 60 години 53,7%, од 50-59 години 22% и од 40-49 години 12,2%. Другите возрасни групи се помалку застапени. Важно е да се нагласи дека возраста на оваа група испитаници дополнително го зголемува нивото на нивната ранливост што несомнено се одразува и врз нивните комуникациски навики, проблеми и потреби.

1 Во анкетата со четири категории ранливи групи учествуваа следните граѓански организации: Фондацијата за развој на локалната заедница од Штип, Едукативно-хуманитарната организација ЕХО Штип, Бравура Кооператива Делчево, КХАМ Делчево, Мобилност Кочани, Здружението на слепи лица Штип, Здружението на лица со телесна попреченостШтип и Черења Штип (Источен регион); Ресурсниот центар за одржлив развој Гевгелија, Организацијата на жени од Струмица, Мобилност Струмица, Полимат 13 Богданци и Женска акција Радовиш.

2 Поради недоволно деталните податоци од Пописот во примерокот не беа определени квоти врз основа на старосната и географската дистрибуција на овие популации, туку само врз основа на типот на попреченост.

# Преглед на клучните наоди

## Пристап до комуникациски технологии, пречки и навики на користење



- **Опрема во домаќинствата:** паметни телефони - 61%, паметен ТВ - 40,2%, компјутер - 48,8%, стандарден ТВ - 74,4%, мобилен без интернет - 40,2%, радио - 32,9%, таблет - 9,8%.
- **Пречки:** Отсуство на знаења и вештини за користење компјутер (56,1%), за пребарување содржини на интернет (53,6%) и за користење паметен телефон (47,5%). Им треба помош при користење компјутер (56,1%) и паметен телефон (40,2%). Немаат пристап до асистивна технологија (автоматски титли) за читање Веб страници (62,2%). Домашните ТВ програми немаат знаковен јазик и титли (51,2%).
- **Навики на користење:** следење ТВ содржини - 97,6%, комуницирање преку мобилен телефон - 73,1%, работа на компјутер - 36,6%, фотографирање - 28,1%, слушање радио - 14,7%, читање книга – 6,1%.

## Преференци за содржини и извори на информирање за домашните настани




- **Преферирани содржини:** вести (87,8%) и актуелно-политички емисии (50%), филмови (84,1%), комични содржини (76,8%), документарни филмови (76,8%), спорт (53,7%), музички спотови (52,4%), едукативни содржини (50%), содржини за популарни личности од филмот и естрадата (42,7%), практични совети (41,5%), совети за купување производи (30,5%), верски содржини (15,9%).
- **Извори на информирање:** национални ТВ (92,7%), регионални/локални ТВ (76,9%), роднини и пријатели (60,9%), информативните портали (38,9%), постови на социјалните мрежи (36,6%), ТВ станици од соседни земји (31,7%), дневни весници (13,4%), радио (9,7%).

## Критички ставови за медиумите и начини на проверка на информациите



- **ТВ на национално ниво:** вестите се партиски обоени (85,4%), има сензационализам (61,9%), даваат различна слика за исти настани (59,8%), не известуваат доволно за луѓето со оштетен слух (63,4%), и ги игнорираат нивните мислења (52,5%).
- **ТВ на регионално и локално ниво:** вестите се партиски обоени (69,5%), има сензационализам (47,5%), даваат различна слика за исти настани (40,2%), не известуваат доволно за потребите на луѓето со оштетен слух (57,3%), ги игнорираат нивните мислења (45,1%).
- **Информативни портали:** вестите се партиски обоени (94,2%), има сензационализам (76,5%), даваат различна слика за исти настани (74,5%), се навредуваат поединци или групи (56,9%), не известуваат доволно за луѓето со оштетен слух (64,7%).
- **Проверка на информациите:** најчесто преку разговори со други луѓе (75,6%), а ретко преку самостојно пребарување и споредба со релевантни извори (19,5%).

## Користење интернет и облици на партиципација во јавната сфера



- **Користење интернет:** 62% од испитаниците со оштетен слух користат интернет самостојно (56%) или со асистенција на друго лице (6%). Онлајн одат најчесто од мобилен телефон (86,3%), а поретко од компјутер (56,9%).
- **Активности на интернет:** комуникација преку Скајп, Вибер, Месинџер (78,4%), социјални мрежи (66,7%), читање и пребарување веб-страници (45,1%), преземање музички видеа (33,3%), електронска пошта (31,3%), пребарување информации за работа или студии (29,4%), преземање видеа (25,5%), електронско банкарство и плаќање сметки (21,6%), пребарување огласи за производи и услуги (19,6%).
- **Најретки активности:** купување производи и услуги (9,8%) и одржување веб-страница или блог (3,9%).
- **Учество во јавната сфера:** споделување линкови на мрежите (18,3%), коментари на мрежите (14,6%), коментари на порталите (6,1%), контакти со новинари (4,9%), јавувања во емисии (2,4%).

# Клучни наоди

## Комуникациски уреди во домаќинствата

- Од паметните комуникациски уреди, во домаќинствата на лицата со оштетен слух најмногу има паметни телефони (61%), а потоа персонални компјутери (48,8%) и паметни телевизори (40,2%).
- Од паметните уреди, лицата со оштетен слух најчесто користат паметен телефон (59,8%), што или лично го поседуваат (51,2%) или е заеднички во домаќинството (4,9%). Персонален компјутер користат 40,2%, а паметен телевизор 35,3% од овие испитаници.
- Во домаќинствата на лицата со оштетен слух многу повеќе има стандардни (аналогни) телевизори, па оттаму и најголем процент од овие испитаници (70,8%) гледаат телевизија на ваков уред.
- Мобилните телефони без интернет користат само една третина од испитаниците со оштетен слух или 28,1%. Радиото е аналоген уред што малку го има во овие домаќинства - 67,1% испитаници рекле дека во нивното домаќинство нема радио.
- Таблет или електронски читач на книги има само во 9,8% од домаќинствата.

**Кои електронски или комуникациски уреди ги имате, односно ги користите во домот во кој живеете?**




| ОШТЕТЕН СЛУХ | Го има лично и го користи | Го има лично, но не го користи | Го има во домот и го користи заеднички | Го има во домот, но не го користи | Го нема |
|---|---|---|---|---|---|
| Паметен мобилен телефон (со интернет) | 51,2% | 3,7% | 4,9% | 1,2% | 39,0% |
| Мобилен телефон (без интернет пристап) | 23,2% | 4,9% | 4,9% | 7,3% | 59,8% |
| Стандарден телевизор (без интернет) | 47,6% | 2,4% | 23,2% | 1,2% | 25,6% |
| Паметен телевизор (со интернет) | 28,0% | 2,4% | 7,3% | 2,4% | 59,8% |
| Радио | 11,0% | 2,4% | 6,1% | 13,4% | 67,1% |
| Персонален компјутер или лаптоп | 25,6% | 1,2% | 14,6% | 7,3% | 51,2% |
| Таблет или читач на електронски книги | 4,9% | | 3,7% | 1,2% | 90,2% |



## Навики на користење на медиумите и комуникациските уреди

- Најчеста активност на испитаниците со оштетен слух убедливо е гледањето телевизија. Вкупно 97,6% одговориле дека секојдневно (87,8%) или неколку пати неделно (9.8%) гледаат телевизија.
- Користењето мобилен телефон за комуникација со други луѓе е втора најчеста активност на овие испитаници: вкупно 73,1% навеле дека секојдневно (64,6%) или неколку пати неделно (8,5%) го користат мобилниот телефон за разговори.
- Вкупно 36.6% од овие испитаници рекле дека персоналниот компјутер го користат за учење, професионални потреби или хоби - секојдневно 22%, а неколку пати неделно 7,3% од испитаниците.
- Дел од анкетираните лица со оштетен слух одговориле дека секојдневно или неколкупати неделно прават фотографии (28,1%) или пак видео-клипови (15,9%), веројатно користејќи ги нивните паметни телефони.
- Мошне мал процент од овие испитаници се изјасниле дека слушаат радио (14,7%), читат весници или списанија (13,4%) или читаат книги (6,1%).

**Последниве три месеци, колку често сте ги правеле следниве активности?**




| ОШТЕТЕН СЛУХ | Секој ден | Неколку пати неделно | Неколку пати месечно | Еднаш | Воопшто не |
|---|---|---|---|---|---|
| Гледање/користење телевизија | 69,7% | 19,1% | 4,5% | | 6,7% |
| Одење на кино | | | | 1,1% | 98,9% |
| Одење на театар | | | 3,4% | 6,7% | 89,9% |
| Слушање радио | 15,7% | 9,0% | 9,0% | 2,2% | 64,0% |
| Читање печатен весник или списание | | 1,1% | 5,6% | 2,2% | 91,0% |
| Читање книга | 1,1% | 4,5% | 5,6% | 3,4% | 85,4% |
| Работење на компјутер (учење, професионални потреби, хоби) | 10,1% | 10,1% | 10,1% | 1,1% | 68,5% |
| Играње видео игри (на конзола, на компјутер или на мобилен) | 2,2% | 1,1% | 1,1% | | 95,5% |
| Користење мобилен телефон за разговори | 76,4% | 19,1% | 1,1% | | 3,4% |
| Фотографирање | 1,1% | 14,6% | 14,6% | 6,7% | 62,9% |
| Снимање видео клипови | | | 16,9% | 5,6% | 77,5% |

## Пречки при користењето на комуникациските уреди и интернетот

- Главни проблеми при користењето персонален компјутер за лицата со оштетен слух се тоа што: немаат знаење и вештини за работа на компјутер (56,1%) и потребна им е помош од друг човек за да го користат компјутерот (56,1%).
- Речиси половина од лицата со оштетен слух (47,5%) навеле дека немаат знаење и вештини за користење паметен телефон, а 40,2% се согласиле (целосно и главно) со ставот дека им е потребна помош од друг човек.
- Повеќе од половина (53,6%) од испитаниците се изјасниле и дека немаат знаења и вештини за пребарување содржини на интернет, а речиси две третини (62,2%) навеле дека Веб страниците генерално не се прилагодени за лицата со овој облик на сетилна попреченост (немаат аудио читачи).
- Две третини од испитаниците (65,8%) се согласиле (целосно или главно) дека недостигот на финансиски средства не им претставува пречка да користат паметен телефон, додека повеќе од половина (53,6%) се изјасниле дека финансиите не се пречка за да користат персонален компјутер.
- Повеќе од половина (51,2%) од овие испитаници се согласиле и со ставот дека им е тешко да ги  следат програмите на домашните ТВ канали поради фактот што нема превод на знаковен јазик или титли.

### Проблеми и пречки при користењето на  комуникациските технологии, медиумите и интернетот




| ОШТЕТЕН СЛУХ | Целосно е точно | 2 | 3 | 4 | Воопшто не е точно |
|---|---|---|---|---|---|
| Немам знаење и вештини за работа на компјутер | 53,7% | 2,4% | 17,1% | 6,1% | 20,7% |
| Немам пристап до соодветна помошна технологија што ќе ми ја олесни работата на компјутер | 50,0% | 6,1% | 12,2% | 3,7% | 28,0% |
| Ми треба помош од друг човек при користење компјутерот | 17,1% | 13,4% | 15,9% | 19,5% | 34,1% |
| Немам доволно финансиски средства да купам компјутер | 26,8% | 24,4% | 15,9% | 17,1% | 15,9% |
| Тешко ми е да следам филмови на домашните ТВ канали кога немаат дополнителен звучен опис | 46,3% | 7,3% | 13,4% | 13,4% | 19,5% |
| Немам знаења и вештини за пребарување содржини на веб страници | 54,9% | 7,3% | 32,9% | 4,9% | |
| Веб страниците генерално не се дизајнирани според потребите на лицата со попреченост | 9,8% | 13,4% | 11,0% | 19,5% | 46,3% |
| Немам доволно финансиски средства  за да купам паметен телефон со пристап до интернет | 39,0% | 8,5% | 8,5% | 12,2% | 31,7% |
| Немам знаење и вештини за користење паметен телефон со пристап до интернет | 34,1% | 6,1% | 11,0% | 8,5% | 40,2% |
| Ми треба помош од друг човек при користењето паметен телефон | 52,8% | 14,6% | 14,6% | 6,7% | 62,9% |



## Преференци за различни видови медиумски содржини

- Лицата со оштетен слух имаат најголем интерес за вести – дури 87,8% одговориле дека информациите за актуелните настани ги добиваат од вестите на домашните медиуми. Но, интересот за дебати и други содржини поврзани со актуелната политика е значително помал:  само половината испитаници (50%) навеле дека сакаат да следат вакви содржини.
- Оваа категорија испитаници редовно следи и различни содржини од забавен карактер: играни филмови (84,1%), комични содржини (76,8%), спортски содржини (53,7%),  музички спотови (52,4%) и содржини за популарни личности од филмот и естрадата (42,7%).
- Голем е интересот за документарни филмови (76,8%), како и за видеа со едукативни содржини (50%), а 41,5% од испитаниците следат и видеа и други содржини со совети за готвење, домаќинство и сл. Видеа и други содржини со совети за купување производи следат 30.5% од испитаниците.
- Верски содржини следат само 15,9% од анкетираните лица со овој вид сетилна попреченост.

### Дали и какви медиумски содржини најчесто користите: гледате, слушате или читате?




| ОШТЕТЕН СЛУХ | Да | Не |
|---|---|---|
| Вести на домашните медиуми | 87,8% | 12,2% |
| Музички спотови | 84,1% | 15,9% |
| Комични содржини | 76,8% | 23,2% |
| Видеа и други содржини со едукативни содржини | 76,8% | 23,2% |
| Видеа и други содржини со совети за готвење, домаќинство и сл. | 53,7% | 46,3% |
| Содржини за популарни личности од филмот и естрадата | 52,4% | 47,6% |
| Политичка содржина (пр. дебатни емисии, колумни и сл.) | 50,0% | 50,0% |
| Спортски содржини | 50,0% | 50,0% |
| Видеа и други содржини што ви помагаат да купите определени производи | 42,7% | 57,3% |
| Играни филмови | 41,5% | 58,5% |
| Документарни филмови | 30,5% | 69,5% |
| Верски содржини | 15,9% | 84,1% |

## Извори на информирање за домашните настани

- Лицата со оштетен слух за домашните настани се информираат најчесто од вестите на домашните ТВ станици на национално ниво: секојдневно 72% и неколку пати неделно 20,7% од вкупниот број анкетирани лица.
- Втор главен извор на информирање за домашните настани се вестите на ТВ станиците на локално ниво: нив секојдневно ги следат 54,9%, а неколку пати неделно 22% од испитаниците.
- Паралелно со ТВ станиците, трет важен извор на информации за оваа група испитаници се разговорите со блиски лица: 40,2% секојдневно, а 20,7% повеќепати неделно разговараат за домашните случувања со роднини и пријатели.
- Лицата со оштетен слух кои користат интернет изјавиле дека за домашните случувања се информираат и од информативни портали (вкупно 38,9%), или од постови на пријателите на социјалните мрежи (вкупно 36,6%).
- Радиото и дневните весници не се често користени извори за информирање на овие испитаници: дури 78% одговориле дека не се информираат од вестите на радио, а 68,3% никогаш не се информираат од дневни весници.

### Колку често за домашните настани во Македонија, се информирате од следните извори




| ОШТЕТЕН СЛУХ | Секој ден или речиси секој ден | Најмалку еднаш неделно | Најмалку еднаш месечно | Помалку од еднаш месечно | Никогаш |
|---|---|---|---|---|---|
| Од вестите на домашните национални ТВ станици | 72,0% | 20,7% | 3,7% | | 3,7% |
| Од вестите на домашните локални ТВ станици | 54,9% | 22,0% | 12,2% | 1,2% | 9,8% |
| Од вестите на ТВ станиците од соседните земји (РТ Косово, РТ Србија, РТ Албанија, Al Jazeera идр.) | 12,2% | 19,5% | 18,3% | 13,4% | 36,6% |
| Од вестите на меѓународни ТВ канали (CNN, BBC, Deutche Welle и др.) | 1,2% | 1,2% | 1,2% | 7,3% | 89,0% |
| Од вести на радио | 7,3% | 2,4% | 9,8% | 2,4% | 78,0% |
| Од дневни весници | 7,3% | 6,1% | 11,0% | 7,3% | 68,3% |
| Од разговори со роднини, пријатели и колеги | 40,2% | 20,7% | 13,4% | 11,0% | 14,6% |
| Од информативни портали - вклучувајќи и агрегатори | 23,1% | 15,8% | 12,5% | | 48,6% |
| Од постовите и коментарите на вашите пријатели на Facebook | 18,3% | 18,3% | 6,1% | 2,4% | 54,9% |

## Ставови за телевизиите на национално ниво

Иако се нивни главен извор на информации, лицата со оштетен слух имаат изразен критички став кон начинот на информирање на телевизиите на национално ниво:

- 85,4% се согласуваат (целосно или главно) со ставот дека повеќето вести што се објавуваат на овие телевизии се партиски обоени;
- 61% се согласуваат дека во вестите на овие телевизии има сензационализам;
- 59,8% се согласуваат дека во вестите тие даваат различна слика за едни исти настани.

Меѓутоа, испитаниците со оштетен слух имаат поделени ставови околу начинот на кој националните телевизии известуваат за припадниците на различни општествени групи:

- 36,6% не се согласуваат со ставот дека во програмите на овие телевизии често се навредуваат поединци или групи врз која било основа, а 34,1% не можеле да го определат својот став во однос на ова прашање. Само една третина (29,3%) сметаат дека во ТВ вестите на овие телевизии се објавуваат навредливи содржини кон поединци и групи врз која било основа.
- поголемиот дел од овие испитаници (59,7%) не се согласуваат со ставот дека лицата со оштетен слух негативно се претставуваат во програмите на националните телевизии, а 25,6% одговориле дека не можат да проценат.

Во поглед на пристапот на лицата со оштетен слух до програмите на националните телевизии, ставовите се главно негативни:

- над две третини (63,4%) од испитаниците сметаат дека националните телевизии не известуваат доволно за проблемите и потребите на луѓето со оштетен слух;
- над половина од испитаниците или 52,5% се согласиле дека националните телевизии ги игнорираат мислењата на луѓето со овој облик на сетилна попреченост, а 31,7% немаат формиран став во врска со ова прашање.

### Во која мера се согласувате или не се согласувате со секој од следниве ставови за домашните телевизии на национално ниво?



## Ставови за телевизиите на регионално и локално ниво

Во поглед на начинот на информирање на телевизиите на регионално и локално ниво, лицата со оштетен слух имаат нешто помалку критички ставови во споредба со телевизиите на национално ниво:

- најкритички ставови имаат во поглед на политичкото влијание: 69,5% се согласуваат (целосно или главно) со ставот дека вестите на регионалните и локалните телевизии се партиски обоени;
- половина од испитаниците (47,5%) сметаат дека во вестите на овие телевизии има сензационализам;
- помалку од половина (40,2%) се согласуваат со ставот дека во ТВ вестите тие даваат различна слика за едни исти настани.

Во поглед на начинот на кој овие телевизии известуваат за припадниците на различни општествени групи, вклучително и за лицата со сетилна попреченост, ставовите се позитивни:

- речиси две третини (57,4%) не мислат дека во програмите на овие телевизии често се навредуваат поединци или групи врз која било основа;
- дури 71,9% не се согласуваат со ставот дека лицата со оштетен слух негативно се претставуваат во програмите на овие телевизии.

Ставовите во поглед на пристапот на лицата со оштетен слух до програмите на регионалните и локалните телевизии се релативно критички:

- речиси две третини (57,3%) сметаат дека овие телевизии не известуваат доволно за проблемите и потребите на луѓето со оштетен слух;
- речиси половина (45,1%) од испитаниците се согласиле дека овие телевизии ги игнорираат мислењата на луѓето со оштетен слух.

**Во која мера се согласувате или не се согласувате со секој од следниве ставови за телевизиите на регионално и локално ниво?**




## Ставови за информативните портали

Испитаниците со оштетен слух кои користат интернет (вкупно 51 испитаници или 62,2%) имаат мошне критички генерални ставови кон информативните портали:

- дури 94,2% се согласуваат (целосно или главно) дека повеќето вести на порталите се партиски обоени;
- 76,5% се согласуваат со ставот дека во вестите на порталите сензационализам;
- 74,5% сметаат дека порталите даваат различна слика за едни исти настани;
- 56,9% сметаат дека во вестите на порталите често се навредуваат поединци или групи врз која било основа.

Во поглед на начинот на кој лицата со оштетен слух се претставуваат на порталите, ставовите се генерално позитивни:

- повеќе од половината испитаници (54,9%) не го делат мислењето дека нивната група негативно се претставува во вестите на порталите, а 33,3% немаат став за ова.

Сепак, во поглед на пристапот на лицата со оштетен слух до информативните содржини на порталите, испитаниците изразиле повторно критички ставови:

- речиси две третини (64,7%) сметаат дека порталите не известуваат доволно за проблемите и потребите на луѓето со оштетен слух;
- речиси половината (49%) испитаници сметаат дека порталите ги игнорираат мислењата на луѓето со оштетен слух, а 33,3% немаат формиран став за ова прашање.

**Во која мера се согласувате со секој од следниве ставови за информативните портали?**



## Проверка на точноста на информациите

Во ситуациите кога не се сигурни во точноста на информацијата, лицата со оштетен слух најчесто ги применуваат следните начини на проверка на информациите:

- разговараат со луѓе од нивната блиска околина – 75,6% тоа го прават секогаш или често, а 19,5% одговориле дека понекогаш го прават тоа;
- скоро половина од испитаниците (47,6%) секогаш или често ги игнорира или отфрла сите објавени информации за конкретниот настан, а 37,8% тоа го прават понекогаш;
- 35,3% редовно се потпираат на информациите од еден извор на кој му веруваат, 35,4% понекогаш го прават тоа.

Оваа категорија ранливи граѓани многу поретко ја проверува точноста на информациите со постапки што бараат поголем напор или повеќе знаења и вештини:

- 21,9% (секогаш или често) ги споредуваат објавените прилози и прифаќаат дел од содржината од секој различен медиум, а 36,6% го прават тоа понекогаш;
- 19,5% самите истражуваат и прават споредба со информации од релевантни извори;
- 10,9% ги проверуваат информациите во постовите од пријатели на социјалните мрежи, а 15,8% ги проверуваат информациите со граѓанските здруженија.

**Што правите ако забележите големи и суштински разлики во информирањето за исти настани на медиумите што вие ги следите?**




| ОШТЕТЕН СЛУХ | Секогаш | Често | Понекогаш | Никогаш |
|---|---|---|---|---|
| Ги отфрлате или ги игнорирате сите објавени информации за тој настан | 17,1% | 30,5% | 37,8% | 14,6% |
| Ги споредувате објавените прилози и прифаќате дел од содржината од секој различен медиум | 2,4% | 19,5% | 36,6% | 41,5% |
| Самите истражувате и правите споредба со информации од релевантни извори (на пример проверувате официјални веб страници, документи ...) | 8,5% | 11,0% | 24,4% | 56,1% |
| Ги прифаќате информациите од еден извор на кој му верувате (еден канал, еден весник, еден онлајн информативен портал) | 14,6% | 20,7% | 35,4% | 29,3% |
| Разговарате со членови на семејството, пријатели или други луѓе за мислење и потоа го формирате вашиот став | 34,1% | 41,5% | 19,5% | 4,9% |
| Ги проверувате информациите со граѓанско здружение за да формирате мислење | 1,2% | 14,6% | 11,0% | 73,2% |
| Ги проверувате постовите на социјалните мрежи (Фејсбук, Твитер) за да формирате мислење | 2,4% | 8,5% | 26,8% | 62,2% |

## Лицата со оштетен вид како корисници на интернет

- Вкупно 62% од испитаниците со оштетен слух навеле дека користеле интернет самостојно (56%) или со асистенција на друго лице (6%), а 38% се изјасниле дека никогаш не користеле интернет.

**Дали некогаш сте користеле интернет?**




| ОШТЕТЕН СЛУХ | Не, никогаш не сум користел интернет | Да, сум користел интернет и БЕЗ асистенција од друг човек | Да, сум користел интернет - НАЈЧЕСТО СО асистенција од друг човек |
|---|---|---|---|
| Дали и колку често во текот на последната година сте испратиле допис до медиумска редакција | 37,8% | 56,1% | 6,1% |

- испитаниците со оштетен слух кои користат интернет, тоа го прават најчесто од мобилен телефон (86,3%), а повеќе од половината (56,9%) од компјутер;
- од активностите што ги прават онлајн најчесто ги наведуваат: разговорите или допишувањето преку Скајп, Вибер, Месинџер, ВатсАп и сл. (78,4%), комуникацијата преку социјални мрежи (66,7%) и читањето, преземањето и пребарувањето содржини од веб страници (45,1%);
- значително помал број испитаници рекле дека: слушаат или преземаат музички видеа (33,3%), испраќаат или добиваат електронска пошта (31,3%), пребаруваат информации за работа или студии (29,4%), гледаат или преземаат видео содржини (25,5%), користат електронско банкарство (21,6%), или пребаруваат огласи и информации за производи и услуги (19,6%).
- од партиципативните практики на користење интернет најчесто посетуваат веб страници на јавни институции (21,6%), а многу поретко учестват во онлајн дебати (5,9%), поставуваат содржини што самите ги креирале (5,9%), или пишуваат и одржуваат своја веб-страница или блог (3,9%).

### Колку често Вие лично или со помош на некој друг го правите следново на интернет?




| ОШТЕТЕН СЛУХ | Секој ден | Неколку пати неделно | Неколку пати месечно | Еднаш месечно | Воопшто не |
|---|---|---|---|---|---|
| Одите на интернет преку мобилен телефон | 76,5% | 9,8% | 2,0% | 2,0% | 9,8% |
| Одите на интернет преку компјутер | 35,3% | 21,6% | 3,9% | 2,0% | 37,3% |
| Испраќате или добивате електронска пошта | 23,5% | 7,8% | 3,9% | 9,8% | 54,9% |
| Комуницирате преку социјални мрежи (Facebook, Twitter, Instagram, Pinterest итн.) | 47,1% | 19,6% | 5,9% | | 27,5% |
| Разговарате или се допишувате преку Скајп, Вибер, Месинџер, ВатсАп, Хенгаутс и сл. | 52,9% | 25,5% | 5,9% | 3,9% | 11,8% |
| Играте онлајн игри | 7,8% | 2,0% | 9,8% | 2,0% | 78,4% |
| Преземате апликации или софтвер | 11,8% | 2,0% | 19,6% | 17,6% | 49,0% |
| Слушате или преземате музика | 17,6% | 15,7% | 9,8% | 3,9% | 52,9% |
| Гледате или преземате ТВ содржини или видеа | 13,7% | 11,8% | 15,7% | 7,8% | 51,0% |
| Пребарувате информации за вашата работа или студии | 21,6% | 7,8% | 9,8% | 3,9% | 56,9% |
| Читате, преземате или проследувате информативни содржини од веб страници | 31,4% | 13,7% | 17,6% | 5,9% | 31,4% |
| Одржувате веб - страница или блог | | 3,9% | 3,9% | | 92,2% |
| Поставувате и проследувате содржина што самите сте ја креирале | 3,9% | 2,0% | 3,9% | 2,0% | 88,2% |
| Учествувате во онлајн дебати и форуми за граѓански или политички прашања | 2,0% | 3,9% | | | 94,1% |
| Посетувате веб страници на јавни институции | 5,9% | 15,7% | 15,7% | 13,7% | 49,0% |
| Пребарувате огласи и информации за производи и услуги | 5,9% | 13,7% | 19,6% | 9,8% | 51,0% |
| Користите електронско банкарство и плаќате сметки | 11,8% | 9,8% | 5,9% | 9,8% | 62,7% |
| Купувате производи или услуги за лична употреба | 2,0% | 7,8% | 5,9% | 17,6% | 66,7% |



## Партиципација во јавната сфера

Лицата со оштетен слух ретко во јавноста ги искажуваат своите мислења за различни прашања:

- една петина од испитаниците (18,3%) одговориле дека во текот на последната година повеќе пати споделиле линкови или други информации на мрежите;
- 14,6% повеќе пати постирале лични коментари на мрежите;
- Само 6,1% коментирале на Веб страници на информативни портали.

Директната комуникација со конкретни медиуми е поретка, но сепак не е занемарлива:

- 4,9% повеќе пати контактирале со новинар или уредник на некој меидум;
- 2,4% повеќе пати учествувале во контактна радио или ТВ емисија;
- 2,4% се обратиле со допис до медиумска редакција.

### Дали и колку често во текот на последната година сте направиле нешто од следново:




| ОШТЕТЕН СЛУХ | Да, повеќе пати | Да, само еднаш | Не |
|---|---|---|---|
| Дали и колку често во текот на последната година сте испратиле допис до медиумска редакција | 2,4% | 3,7% | 93,9% |
| Дали и колку често во текот на последната година директно сте контактирале со новинар или уредник | 4,9% | 9,8% | 85,4% |
| Дали и колку често во текот на последната година сте учествувале во контактна радио или ТВ емисија | 2,4% | 9,8% | 87,8% |
| Дали и колку често во текот на последната година сте постирање лични коментари на социјалните мрежи како Facebook, Twitter итн. | 14,6% | 12,2% | 73,2% |
| Дали и колку често во текот на последната година сте споделиле линкови и други информации на социјалните мрежи како Facebook, Twitter итн | 18,3% | 15,9% | 65,9% |
| Дали и колку често во текот на последната година сте напишале текст за блог | | 3,7% | 96,3% |
| Дали и колку често во текот на последната година сте коментирале на Веб страници и Информативни портали | 6,1% | 3,7% | 90,2% |

# Заклучоци

### Пристап до технологии, пречки и навики на користење на технологиите

1. Домаќинствата во кои живеат анкетираните лица со оштетен слух од Источниот и Југоисточниот регион поседуваат комуникациски технологии и уреди, но пристапот до паметни уреди е значително помал: најмногу имаат паметни телефони (61%), потоа персонални компјутери (48,8%), а најмалку паметни телевизори (40,2%).

2. Проблеми при користењето на технологиите за овие лица се: недостатокот на вештини за работа на компјутер (56,1%), за пребарување содржини на интернет (53,6%), како и за користење паметен телефон (47,5%). Голем проблем за нив е и тоа што немаат пристап до асистивна технологија (автоматски генерирани титли) за читање видеа на интернет (59,7%), како и отсуството на знаковен јазик или титли на програмите на домашните ТВ канали (51,2%).

3. Најголем дел од времето оваа група граѓани го минува пред телевизорот (97,6%) и во разговори на мобилен телефон (73,1%). За другите активности поврзани со користење на технологиите или медиумите одвојуваат многу помалку време: работа на компјутер - 36,6%, фотографирање - 28,1%, слушање радио - 14,7%, читање книга – 6,1%.

4. Интернет користат повеќе од половина (62%) од испитаниците со оштетен слух и најчесто без асистенција од друг човек. Сепак, голем е процентот (38%) на овие лица кои никогаш не користеле интернет. Ова особено се однесува на повозрасните испитаници.

### Преференци за содржини и извори на информирање за домашните настани

5. Лицата со оштетен слух имаат најмногу следат вести на домашните медиуми (87,8%), но со скоро ист интерес следат и играни (84,1%), документарни филмови (76,8%) и комични содржини (76,8%). Во нешто помала мера сакаат да следат и други содржини од забавен или едукативен карактер: спорт (53,7%), музички видеа (52,4%) и едукативни содржини (50%).

6. Примарен извор на информирање за домашните настани за оваа група граѓани е телевизијата, пред се вестите на ТВ станиците на национално ниво (92,7%), а потоа на вестите на регионалните и локалните ТВ станици (76,9%). Паралелно со ТВ станиците, важен извор на информации за нив се разговорите со блиски лица (60,9%). Многу помалку се информираат од информативните портали (38,9%) и од социјалните мрежи (36,6%), бидејќи голем процент од овие лица воопшто не користат интернет.

### Критички ставови за медиумите и начини на проверка на информациите

7. Испитаниците со оштетен слух имаат многу критички ставови за домашните телевизии на национално ниво: најголем број број сметаат дека нивните вести се партиски обоени (85,4%), содржат сензационализам (61,9%) и даваат различна слика за едни исти настани (59,8%). Исто така, сметаат дека овие телевизии не известуваат доволно за проблемите и потребите на лицата со оштетен слух (63,4%), и дека ги игнорираат мислењата на оваа група граѓани (52,5%). Слични се и нивните ставови за телевизиите на регионално и локално ниво, но со помала доза на критичност.

8. Лицата со оштетен слух (кои користат интернет) се најкритички настроени кон информативните портали: сметаат дека се партиски обоени (94,2%), полни со сензационализам (76,5%), со искривено претставување на настаните (74,5%). Покрај тоа, значаен дел од испитаниците (56,9%) сметаат дека на порталите често се навредуваат поединци и групи врз која било основа.

9. Најчест начин за проверка на информациите за лицата со оштетен слух е разговорот со други луѓе во нивната блиска околина (75,6%). Кога не можат да дојдат до вистинита информација, голем процент (47,6%) практикуваат да ги отфрлаат сите објавени информации за конкретниот настан. Ретки се испитаниците кои ги проверуваат информациите преку самостојно истражување и споредба на релевантни извори (19,5%).

### Користење интернет и облици на партиципација во јавната сфера

10. Лицата со оштетен слух кои користат интернет, најчесто пристапуваат од мобилен телефон (86,3%), а половина од компјутер (56,9%). Активности што најчесто ги прават онлајн се: комуницирање преку апликации како Скајп, Вибер, Месинџер, ВатсАп и сл. (78,4%), а потоа комуницирање преку социјалните мрежи (66,7%). Речиси половина од интернет корисниците посетуваат информативни портали и други Веб страници (45,1%), а околу една третина комуницираат по мејл (31,3%) или пребаруваат информации за работа или учење (29,4%). Другите понапредни облици на користење интернет се исклучително ретки кај оваа категорија грашани.

11. Лицата со оштетување на слухот се многу ретко активни во јавната сфера, што се должи и на тоа што голем дел од овие испитаници се повозрасни. Тие поретко користат интернет, па оттаму и сите облици на онлајн партиципација се малку присутни: 18,3% споделувале информации на мрежите, 14,6% постирале коментари на мрежите, 6,1% коментирале на Веб страници на информативни портали.

RESIS
ИНСТИТУТ ЗА
ИСТРАЖУВАЊЕ НА
ОПШТЕСТВЕНИОТ РАЗВОЈ

www.resis.org.mk